**Народна банка на Република Македонија**
Дирекција за статистика

# Меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија за 2013 година

септември, 2014 година

# Информација за меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија за 2013 година

## Општи забелешки

Меѓународната инвестициска позиција претставува стандардизиран статистички преглед којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Македонија, т.е. побарувањата од нерезиденти и обврските кон нерезидентите врз основа на финансиски инструменти на определен датум.

Преку извештајот за меѓународната инвестициска позиција (МИП) се прикажуваат состојбата и структурата на финансиските средства (побарувања) од нерезиденти и финансиските обврски кон нерезиденти, но и нето кредиторската/должничката позиција на земјата (и на поодделните институционални сектори) во однос на остатокот од светот. Доколку се евидентира позитивна нето меѓународна инвестициска позиција, т.е. доколку финансиските средства се поголеми од финансиските обврски, земјата има позиција на нето-кредитор кон остатокот од светот. Доколку се пресмета негативна нето меѓународна инвестициска позиција, односно доколку финансиските обврски ги надминуваат финансиските средства во односите помеѓу резидентите и нерезидентите, земјата е нето-должник во односите со остатокот од светот.

Анализата на структурата на МИП во подолга временска рамка овозможува следење на промената во состојбата на поодделните институционални сектори, како и промената во склоностите на секторите во користењето одредени видови финансиски инструменти. Ваквата динамичка перспектива овозможува промените да се толкуваат како одраз на севкупните макроекономски движења во земјата и окружувањето, но често и како сигнал за одредени случувања во претстојниот период. Оттаму, изготвувањето на меѓународната инвестициска позиција претставува неопходност во современи услови, како показател за финансиската состојба на земјата и нејзината интегрираност во вкупните светски економски текови, што го потврдува и сè поголемото значење на овој извештај, во услови на засилени процеси на глобализација и настанувањето на економските кризи во светот во последните неколку години.

За изготвување на МИП се користат најразлични извори на податоци и се применува методологија којашто е усогласена со меѓународните стандарди и препораки. Оваа методологија е достапна и до пошироката јавност преку нејзиното објавување на интернет-страницата на Народната банка на Република Македонија.

## Кратка анализа на меѓународната инвестициска позиција за 2013 година

На крајот на 2013 година, Република Македонија е нето-должник кон остатокот од светот, со негативна нето меѓународна инвестициска позиција од 4.558,4 милиони евра, што претставува 55% од БДП. На 31.12.2013 година, Република Македонија располага со финансиски средства од нерезиденти во износ од 4.082,5 милиони евра и со финансиски обврски кон нерезиденти во износ од 8.640,8 милиони евра.

Во споредба со крајот на 2012 година, негативната меѓународна инвестициска позиција е зголемена за 380,8 милиони евра, односно 9,1% на годишна основа. Притоа, во насока на зголемување на нето-должничката позиција делува намалувањето на средствата од 175 милиони евра и зголемувањето на обврските за 205,8 милиони евра.

Од аспект на структурата на МИП по инструменти, на страната на средствата најголем пад бележиме кај девизните резерви и заемите, додека кај сите други инструменти бележиме годишен раст. Најзначаен инструмент на страна на средствата и натаму претставуваат девизните резерви (во износ од 1.993 милиони евра или 48,8% од вкупните средства), коишто во 2013 година бележат пад од 200,4 милиони евра, од кои 156,4 милиони евра произлегуваат од ценовни и курсни промени, додека 44 милиони евра произлегуваат од трансакции со нерезиденти. Во рамки на останатите инвестиции најзастапен инструмент се трговските кредити и аванси (17,9% од вкупните средства) коишто изнесуваат 730,3 милиони евра, а во текот на 2013 година се зголемени за 46,2 милиони евра. Валутите и депозитите изнесуваат 540 милиона евра (13,2% од вкупните средства) и во текот на годината бележат минимален раст од 3 милиони евра. Заемите изнесуваат 91,3 милиони евра (2,2% од вкупните средства), при годишно намалување од 155,1 милиони евра, главно поради намалувањето на побарувањата по заеми од обратни репо-трансакции на централната банка. Средствата по директни инвестиции се зголемени за 84,3 милиони евра и на крајот на годината изнесуваат 617,8 милиони евра (15,1% од вкупните средства), со доминантно учество на должничките инструменти (87,2% од средствата по директни инвестиции). Портфолио-инвестициите забележуваат континуиран раст којшто во текот на 2013 година е најголем до сега и изнесува 44,6 милиони евра, главно детерминиран од вложувањата на останатите финансиски институции во сопственички капитал и акции/удели во инвестициски фондови.

Обврските делуваа во насока на зголемување за нето-должничката позиција за 205,8 милиони евра, главно како резултат на растот на обврските по директни инвестиции и заеми, во услови кога кај сите други инструменти бележиме пад на обврските. Од аспект на инструментите, и натаму најголем удел имаат директните инвестициите во износ од 4.485,7 милиони евра (51,9% од вкупните обврски), коишто во 2013 година се зголемени за 338,9 милиони евра (или 8,2%). Притоа, на растот на директните инвестиции во 2013 година речиси подеднакво влијаат зголемувањето на должничките инструменти од 171,4 милиони евра (во најголем дел од задолжувањата на домашните претпријатија кон директните инвеститори), како и зголемувањето на состојбата на сопственичкиот капитал и реинвестирањето на добивката (167,4 милиони евра). Како втор најзначаен финансиски инструмент на страна на обврските се издвојуваат заемите (учество од 33,4% во вкупните обврски), коишто на крајот на 2013 година изнесуваат 2.883,1 милион евра, при годишно зголемување од 111,3 милиони евра. Обврските врз основа на трговски кредити

и аванси кон нерезиденти изнесуваат 773,2 милиони евра (8,9% од вкупните обврски), и во 2013 година се намалени за 59,6 милиони евра. Портфолио-инвестициите, валутите и депозитите, останатиот сопственички капитал, како и специјалните права на влечење, се помалку значајни финансиски инструменти на страната на обврските, со збирно учество од 5,8% во вкупните надворешни обврски.

Анализата од аспект на институционалните сектори, покажува дека кај сите сектори промените остварени во текот на 2013 година делуваат во насока на зголемување на негативната МИП,нето.

Секторот „држава" е нето-должник кон странство и во текот на 2013 година бележи зголемување на негативната МИП, нето за 21,1 милион евра. Притоа, растот на обврските којшто во целост произлегува од заемите (за 160,3 милиони евра) е делумно нетиран со намалувањето на обврските по основ на должнички хартии од вредност (за 141,4 милиони евра), како резултат на отплатата на достасаните обврски врз основа на еврообврзници.

Во текот на 2013 година, „останатите сектори" бележат раст на негативната МИП, нето за 140,8 милиони евра. Обврските на останатите сектори во 2013 година се зголемени за 318 милиони евра, претежно поради зголемувањето на директните инвестиции во износ од 299,8 милиони евра. Средствата на останатите сектори во 2013 година се зголемени за 177,1 милион евра, главно заради зголемените средства врз основа на директни инвестиции (за 84,3 милиони евра) надополнети со зголемувањето на портфолио-инвестициите и трговските кредити и аванси во износ од 43,5 и 46,2 милиони евра, соодветно.

Кај секторот „депозитни институции, освен централната банка" во 2013 година е забележано зголемување на негативната МИП, нето за 43,5 милиони евра. Притоа растот на обврските на депозитните институции од 29,8 милиони евра главно се објаснува со зголемените обврски по основ на директни инвестиции (за 39,1 милион евра) и заеми (за 20,8 милиони евра), наспроти намалените обврски по основ на валути и депозити (за 30,3 милиони евра). Намалувањето на средствата за 13,7 милиони евра во најголем дел произлегува од намалените побарувања врз основа на заеми (за 19,3 милион евра).

Централната банка е единствениот институционален сектор којшто е нето-кредитор кон странство. Во текот на 2013 година нето-побарувањата во односите со странство се намалени за 175,4 милиони евра. Притоа, намалувањето на средствата во целост се објаснува со намалувањето на девизните резерви и заемите во износ од 200,4 и 136,1 милиони евра, соодветно. Обврските на централната банка, исто така, се намалени за 161 милион евра, главно како резултат на намалување на пласманите во репо-трансакции.

## Нето меѓународна инвестициска позиција на поодделни земји*

| Земја | 2012 | | 2013 | |
|---|---|---|---|---|
| | во милијарди евра | % од БДП | во милијарди евра | % од БДП |
| Евро зона | -1,237.47 | -13.05 | -1,136.05 | -11.86 |
| Грција | -210.85 | -109.05 | -217.14 | -119.27 |
| Хрватска | -38.96 | -89.61 | -37.94 | -87.97 |
| Бугарија | -31.21 | -78.16 | -30.43 | -76.20 |
| Романија | -89.48 | -68.01 | -87.36 | -61.41 |
| Словенија | -16.16 | -45.75 | -13.66 | -38.73 |
| Унгарија | -99.42 | -102.52 | -91.21 | -93.12 |
| Македонија | -4.18 | -56.05 | -4.56 | -55.04 |
| Србија | | | -30.61 | -95.69 |
| Косово | 0.25 | 5.06 | 0.40 | 7.78 |
| Турција | -318.73 | -52.04 | -283.18 | -45.94 |
| САД | -3,472.84 | -27.61 | -3,905.53 | -30.93 |

Извор: ЕЦБ, ЕУРОСТАТ, ММФ, интернет-страници на централните банки и сопствени пресметки.
* Македонија, Србија и САД веќе започнаа со објавување на податоци според БПМ6, останатите прикажани земји сè уште објавуваат податоци според БПМ5.

Извршена е споредбена анализа на меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија и други земји, пред сè во регионот, но и пошироко. Споредбените резултати укажуваат на тоа дека кај повеќето земји во регионот, во текот на 2013 година, дошло до намалување на негативната нето меѓународна инвестициска позиција (изразена како % од БДП), со исклучок на САД, Грција и Косово. Поизразено намалување на индикаторот МИП, нето во однос на БДП се забележува кај Унгарија, Словенија, Романија и Турција, додека кај Бугарија и Хрватска намалувањето е со помал интензитет. Во текот на 2013 година евро-зоната забележува минимално намалување кај индикаторот МИП, нето во споредба со БДП.

Анализирајќи ја структурата на промените на МИП, нето, на одделните земји во регионот, доаѓаме до следните сознанија:

- Споредбено со другите земји, Грција има највисок раст на негативната меѓународна инвестициска позиција од 6,3 милијарди евра (за 10,2 п.п. од БДП), кој произлегува од намалувањето на страната на средствата (за 23,5 милијарди евра), при пад на обврските за 17,2 милијарди евра. Сите инструменти делуваат во насока на зголемување на нето-должничката позиција, при што најголем придонес во зголемувањето на негативната МИП, нето се забележува кај инструментите заеми и валути и депозити. На страната на средствата, намалување е регистрирано главно кај секторот „монетарно финансиски институции, со исклучок на централната банка". На страната на обврските, најголемо влијание имаат намалените обврски по заеми и валути и депозити на секторот „централна банка", делумно нетирани со зголемените обврски на секторот „држава".

- Негативната МИП, нето на Турција во текот на 2013 година е намалена за 35,5 милијарди евра (за 6,1 п.п. од БДП). Промените речиси во целост се регистрирани на страна на обврските, преку намалувањето на обврските по директните и портфолио-инвестициите, делумно нетирани со зголемените обврски кај останатите инвестиции, претежно заемите и трговските кредити.

- Хрватска бележи намалување на негативната МИП, нето за 1 милијарда евра (за 1,6 п.п. од БДП), главно на страната на средствата, при најголем

позитивен придонес на девизните резерви, со едновремено намалување на средствата по сите други инструменти.

- Кај Бугарија е регистрирано намалување на негативната МИП за 0,8 милијарди евра (за 2 п.п. од БДП). Притоа, поинтензивен е растот на страната на средствата, при зголемување на валутите и депозитите, заемите и портфолио-инвестициите, наспроти намалувањето на официјалните девизни резерви. На страната на обврските, зголемувањето произлегува од растот на директните и портфолио-инвестициите, во значајна мера нетиран со намалувањата кај останатите инвестиции.

## ПРИЛОГ-ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ

Табела 1
Меѓународна инвестициска позиција 2003-2013 година*
(милиони евра)

| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МИП-нето | -1,599.73 | -1,846.20 | -1,990.79 | -1,887.55 | -2,401.24 | -3,265.10 | -3,612.48 | -3,629.55 | -3,965.79 | -4,177.57 | -4,558.38 |
| Средства | 1,546.87 | 1,629.47 | 2,161.80 | 2,565.79 | 2,798.99 | 2,579.77 | 2,785.54 | 3,258.38 | 4,113.22 | 4,257.50 | 4,082.47 |
| Обврски | 3,146.60 | 3,475.67 | 4,152.59 | 4,453.34 | 5,200.23 | 5,844.87 | 6,398.02 | 6,887.92 | 8,079.01 | 8,435.08 | 8,640.84 |
| БДП | 4,217.00 | 4,442.00 | 4,814.00 | 5,231.00 | 5,965.00 | 6,720.00 | 6,703.00 | 7,057.01 | 7,472.73 | 7,453.56 | 8,281.40 |
| МИП-нето/БДП(%учество) | -37.94 | -41.56 | -41.35 | -36.08 | -40.26 | -48.59 | -53.89 | -51.43 | -53.07 | -56.05 | -55.04 |
| Средства/БДП(%учество) | 36.68 | 36.68 | 44.91 | 49.05 | 46.92 | 38.39 | 41.56 | 46.17 | 55.04 | 57.12 | 49.30 |
| Обврски/БДП(%учество) | 74.62 | 78.25 | 86.26 | 85.13 | 87.18 | 86.98 | 95.45 | 97.60 | 108.11 | 113.17 | 104.34 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.
*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2013 година е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ, второ тримесечје од 2014 година" од 12.9.2014).

Графикон 1
Компоненти на меѓународната инвестициска позиција (% од БДП)*




Извор: Народна банка на Република Македонија.
*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2013 година е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ, второ тримесечје од 2014 година" од 12.9.2014).

**Прилог 1**
Поделба на секторите во МИП

За изготвување и претставување на МИП, секторите се групирани на следниов начин:

- **Централната банка** е Народната банка на Република Македонија;
- **Државата** е претставена преку институционалните единици коишто се формирани преку политички процеси и имаат законодавна, судска и извршна власт врз други институционални единици на одредена територија. Секторот „држава" ги опфаќа следниве потсектори:
  - Централна влада;
  - Локална самоуправа;
  - Фондови за социјално осигурување.

  Овој сектор не ги опфаќа претпријатијата во сопственост на државата коишто работат по принципот на слободен пазар;
- **Депозитните институции, освен централната банка,** ги опфаќаат

институциите чијашто примарна активност е финансиското посредување. Во овој сектор се вклучуваат сите банки коишто добиле дозвола за основање и работење од гувернерот на Народната банка на Република Македонија, како и филијалите на странски банки коишто добиле дозвола за отворање и работење на територијата на Република Македонија.

**Останати сектори**: оваа група се состои од следниве категории:

- *Останати финансиски институции* (ги опфаќаат недепозитните финансиски институции и другите финансиски посредници, како и осигурителните друштва и пензиските фондови);
- *Нефинансиски претпријатија* (институционални единици, во јавна или приватна сопственост, чијашто примарна дејност е производство на стоки и/или давање нефинансиски услуги, наменети за продажба);
- *Домаќинства* (лица, или групи лица коишто делат исто сместување, го здружуваат доходот и богатството и коишто потрошуваат одредени видови добра и услуги, заедно);
- *Непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата* (институционални единици чијашто основна дејност е обезбедување стоки и услуги на домаќинствата и на заедницата без надомест или по цени коишто се економски незначајни. Во оваа категорија се опфатени: цркви, политички партии, здруженија, асоцијации и др.).

Табела 2

МИП на ниво на институционални сектори

(милиони евра)

| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МИП, нето-држава | -1,026.96 | -1,016.46 | -1,282.82 | -1,065.56 | -897.71 | -906.33 | -1,055.84 | -1,067.80 | -1,417.44 | -1,539.90 | -1,560.99 |
| МИП, нето-централна банка | 693.43 | 673.30 | 1,073.29 | 1,382.60 | 1,532.53 | 1,486.92 | 1,526.73 | 1,638.82 | 1,991.78 | 2,095.80 | 1,920.39 |
| МИП, нето-депозитни институц | 270.46 | 335.47 | 254.65 | 131.18 | -51.73 | -363.90 | -361.46 | -416.82 | -420.60 | -536.64 | -580.14 |
| МИП, нето-останати сектори | -1,536.67 | -1,838.51 | -2,035.90 | -2,335.77 | -2,984.34 | -3,481.79 | -3,721.90 | -3,783.75 | -4,119.54 | -4,196.83 | -4,337.65 |
| **МИП, нето** | **-1,599.73** | **-1,846.20** | **-1,990.79** | **-1,887.55** | **-2,401.24** | **-3,265.10** | **-3,612.48** | **-3,629.55** | **-3,965.79** | **-4,177.57** | **-4,558.38** |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 2

Структура на МИП - побарувања од странство според инструменти

(милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Прилог 2**
<u>Класификација на меѓународната инвестициска позиција според видови инвестиции:</u>

Поделена на два дела како средства и обврски, МИП се состои од пет функционални инвестициски категории и поткатегории, во кои состојбите се класифицирани според видот на инвестирање на следниов начин:

- **Директни инвестиции**, коишто се прикажани според принципот „средства-обврски" и ги опфаќаат следниве инструменти:
    - сопственички капитал и акции/удели во инвестициски фондови (вклучително и реинвестирањето на добивката) и
    - должнички инструменти;
- **Портфолио-инвестиции**, коишто се поделени на сопственички капитал и акции/удели во инвестициски фондови и должнички хартии од вредност;
- **Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции;**
- **Останати инвестиции**, коишто се поделени на: останат сопственички капитал, валути и депозити, заеми, шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, трговски кредити и аванси, останати сметки за наплата/плаќање и распределбата на специјалните права на влечење и
- **Девизните резерви** се класифицирани според видовите инструменти.

Графикон 3
Структура на МИП - обврски кон странство според инструменти
(милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Прилог 3**
<u>Странски директни инвестиции</u>

Директните инвестиции ја одразуваат целта за остварување долгорочен интерес помеѓу директниот инвеститор (резидент од една економија) и претпријатието во кое се

инвестира (резидент на друга економија). Директните инвестиции ги опфаќаат вложувањата со кои инвеститорот има намера да воспостави долгорочна, трајна економска поврзаност и/или да оствари право на управување со правното лице во кое инвестира. Притоа, како критериум за дефинирање на директните инвестиции, се користи минимално учество од 10% (директно или индиректно) во капиталот, согласно со меѓународните препораки и стандарди на шестото издание на Прирачникот за платниот биланс и меѓународната инвестициска позиција на Меѓународниот монетарен фонд. Директните инвестиции, покрај иницијалната трансакција на вложување, во себе ги вклучуваат и сите последователни инвестирања помеѓу директниот инвеститор и претпријатието во кое се инвестира. Исто така, во оваа категорија е опфатено и повратното вложување (вложување на претпријатието со директна инвестиција во капиталот на директниот инвеститор од под 10%) и вложувањето помеѓу хоризонтално поврзаните претпријатија во рамки на иста групација (од под 10%).
Основен извор на податоци за директните инвестиции во Република Македонија претставуваат годишните прашалници коишто ги доставуваат резидентните фирми со странски капитал до НБРМ. Прашалниците, меѓу другото, содржат податоци за првичното вложување, остварениот финансиски резултат и меѓукомпанискиот долг.

Портфолио-инвестиции

Портфолио-инвестициите, во согласност со препораките на шестото издание на Прирачникот за платниот биланс и меѓународната инвестициска позиција на Меѓународниот монетарен фонд, се дефинираат како вложувања во сопственички капитал, односно сопственички хартии од вредност и акции/удели во инвестициски фондови каде што инвеститорот поседува помалку од 10% од капиталот, како и вложувањата во должнички хартии од вредност, (со исклучок на оние што се вклучени во странските директни инвестиции).

Табела 3: Состојба на директните инвестиции во Република Македонија
(во милиони евра)

| Година | Директни инвестиции во земјата | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Сопственички капитал | | | | Должнички инструменти | | | |
| | | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира **(обврски)** | Повратно вложување **(средства)** | Вложувања помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија **(нето-обврски)** | Вкупно | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира **(обврски)** | Повратно вложување **(средства)** | Вложувања помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија **(нето-обврски)** | Вкупно |
| | 1=5+9 | 2 | 3 | 4 | 5=2-3+4 | 6 | 7 | 8 | 9=6-7+8 |
| 1997 | 141.22 | 102.88 | 0.00 | 0.00 | 102.88 | 50.48 | 12.13 | 0.00 | 38.35 |
| 1998 | 270.37 | 219.51 | 0.00 | 0.00 | 219.51 | 63.66 | 12.81 | 0.00 | 50.86 |
| 1999 | 359.90 | 284.26 | 0.00 | 0.00 | 284.26 | 91.35 | 15.70 | 0.00 | 75.65 |
| 2000 | 580.05 | 497.72 | 0.00 | 0.00 | 497.72 | 99.28 | 16.95 | 0.00 | 82.34 |
| 2001 | 1,039.15 | 946.28 | 0.00 | 0.00 | 946.28 | 133.72 | 40.84 | 0.00 | 92.87 |
| 2002 | 1,160.71 | 1,056.57 | 0.00 | 0.00 | 1,056.57 | 150.48 | 46.35 | 0.00 | 104.13 |
| 2003 | 1,292.14 | 1,181.98 | 0.00 | 0.00 | 1,181.98 | 158.14 | 47.98 | 0.00 | 110.16 |
| 2004 | 1,610.22 | 1,366.11 | 0.00 | 0.00 | 1,366.11 | 280.82 | 36.70 | 0.00 | 244.11 |
| 2005 | 1,768.97 | 1,579.62 | 0.00 | 0.00 | 1,579.62 | 263.89 | 74.54 | 0.00 | 189.36 |
| 2006 | 2,098.57 | 1,863.35 | 0.00 | 0.00 | 1,863.35 | 316.14 | 80.91 | 0.00 | 235.23 |
| 2007 | 2,545.17 | 2,226.62 | 0.00 | 0.00 | 2,226.62 | 424.66 | 106.11 | 0.00 | 318.55 |
| 2008 | 2,968.75 | 2,407.42 | 0.00 | 0.00 | 2,407.42 | 675.29 | 113.96 | 0.00 | 561.33 |
| 2009 | 3,141.38 | 2,481.27 | 0.00 | 0.00 | 2,481.27 | 830.07 | 169.96 | 0.00 | 660.10 |
| 2010 | 3,255.97 | 2,642.52 | 0.00 | 0.00 | 2,642.52 | 860.33 | 246.88 | 0.00 | 613.45 |
| 2011 | 3,615.08 | 3,110.17 | 0.00 | 0.00 | 3,110.17 | 789.45 | 284.53 | 0.00 | 504.92 |
| 2012 | 3,685.54 | 3,148.89 | 0.00 | 0.00 | 3,148.89 | 980.06 | 443.41 | 0.00 | 536.66 |
| 2013 | 3,979.97 | 3,311.58 | 0.00 | 4.72 | 3,316.30 | 1,143.34 | 479.67 | 0.00 | 663.67 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 4
Странски директни инвестиции во Република Македонија
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 5
Странски директни инвестиции во Република Македонија, по земји
(учества на крајот на 2013 година)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

## Графикон 6
## Странски директни инвестиции во Република Македонија, по дејности
(учества на крајот на 2013 година)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

## Графикон 7
## Портфолио-инвестиции по земји - обврски - сопственички ХВ
(учества на крајот на 2013 година)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

## Графикон 8
## Портфолио-инвестиции - обврски врз основа на домашни должнички хартии од вредност во сопственост на нерезиденти
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

## Табела 4
## Обврски врз основа на заеми од странство според должници*
(во милиони евра)

| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Краткорочни заеми | 25.93 | 11.81 | 54.33 | 11.65 | 55.82 | 14.91 | 47.59 | 71.99 | 258.23 | 214.03 | 48.81 |
| -Централна банка | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 232.53 | 157.57 | 0.00 |
| -Банки | 8.71 | 7.04 | 1.30 | 0.00 | 16.50 | 0.00 | 40.00 | 3.71 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| -Останати сектори | 17.22 | 4.78 | 53.03 | 11.65 | 39.32 | 14.91 | 7.59 | 68.28 | 25.70 | 56.47 | 48.81 |
| Долгорочни заеми | 1,300.22 | 1,302.60 | 1,488.56 | 1,395.56 | 1,299.95 | 1,532.02 | 1,583.12 | 1,956.46 | 2,527.67 | 2,557.80 | 2,834.32 |
| -Централна банка | 54.70 | 45.97 | 52.66 | 42.39 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| -Држава | 1,005.54 | 993.20 | 1,095.36 | 875.19 | 727.22 | 771.22 | 777.60 | 852.57 | 1,256.76 | 1,292.88 | 1,453.20 |
| -Банки | 64.04 | 55.79 | 106.40 | 146.31 | 199.81 | 201.14 | 220.10 | 379.26 | 430.71 | 420.16 | 440.95 |
| -Останати сектори | 175.94 | 207.63 | 234.14 | 331.68 | 372.92 | 559.66 | 585.43 | 724.64 | 840.20 | 844.76 | 940.17 |
| Вкупно заеми | 1,326.15 | 1,314.41 | 1,542.89 | 1,407.22 | 1,355.77 | 1,546.93 | 1,630.72 | 2,028.45 | 2,785.90 | 2,771.83 | 2,883.12 |
| БДП | 4,217.00 | 4,442.00 | 4,814.00 | 5,231.00 | 5,965.00 | 6,720.00 | 6,703.00 | 7,057.01 | 7,472.73 | 7,453.56 | 8,281.40 |
| Краткорочни заеми/Вкупно заеми (%) | 1.96 | 0.90 | 3.52 | 0.83 | 4.12 | 0.96 | 2.92 | 3.55 | 9.27 | 7.72 | 1.69 |
| Долгорочни заеми/Вкупно заеми (% ) | 98.04 | 99.10 | 96.48 | 99.17 | 95.88 | 99.04 | 97.08 | 96.45 | 90.73 | 92.28 | 98.31 |
| Вкупно заеми/БДП(%) | 31.45 | 29.59 | 32.05 | 26.90 | 22.73 | 23.02 | 24.33 | 28.74 | 37.28 | 37.19 | 34.81 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.
*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2013 година е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ, второ тримесечје од 2014 година" од 12.9.2014).

## Графикон 9
## Обврски врз основа на заеми од странство според должници
(милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.